НАШЕ СОНЦЕ

Ноември, 2006

МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ КРАЊ, СЛОВЕНИЈА

Број 7

# НАШЕ СОНЦЕ



**КРСТЕ П. МИСИРКОВ**

*Мисирков, ќе истакне академик Блаже Ристовски, е кодификаторот на современиот македонски литературен јазик, идеологот на македонската нација и државност, фундаторот на македонската национална историска наука, етнографија и фолклористика, човекот што стана и остана синоним на македонството во новото време.*

# Вовед

Почитувани,

Во рацете го имате печатеното издание на седмиот број на весникот „Наше Сонце“, кој што излегува еднаш годишно. Весникот е „огледало“ на нашето работење, односно во него се опфатени сите поважни настани и активности на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, во текот на целата година. Истиот материјал го имаме објавено и на Интернет страна, на привремената адреса www.vinica.org/mkd-kim, (во тек е постапка за придобивање на постојана адреса), а до крајот на годината со работа треба да почне и информацискиот центар „Наше Сонце“ во Македонскиот Културен Центар во Крањ.

Аматери сме и немаме речиси никакво искуство од областа на новинарството, но имаме челична волја и огромна желба и намера за работа на ова подрачје. Со таа намена, ги покануваме сите заинтересирани љубители на македонската култура - млади и стари (млади по срце), Македонци и немакедонци, со искуство и без него, да ни се придружат во работата на новинарската секција и дадат свој придонес „Наше Сонце“ да не огрева барем еднаш до двапати годишно, а информацискиот центар да биде место каде што често ќе се собираме, дружиме и работиме. Контактни личности на новинарската секција се: Младенов Миладин - Миле тел. 040 306 344, Крժовска Весна тел. 031 846 655, и Атанасов Даниел тел. 040 430 785.

Ви посакуваме пријатни мигови со дружењето на весникот, во очекување на вашата соработка, критики, предлози, дописи...

Од уредниците

**Автори на весникот:**
Младенов Миладин - Миле
Кржовска Весна
Атанасов Даниел

**Дизајн и техничко уредување:**
Захариев Игор

## Ликовна мултилатерала

Ликовна мултилатерала е проект во кој се опфатени повеќе изложби на познати сликари од Словенија и Македонија како што се: Клементина Голија, Наташа Милованчев, Ирена Јерас – Димоска, Лилјана Ергиќ, Драга Давиткова – Ериќ, Изидор Јаловец, Алојз Зорман – Фојж и Ликовното друштво од Менгеш.

## Ликовна изложба на Клементина Голија, Наташа Милованчев и Ирена Јерас-Димоска

Во составот на активностите од „13. Мајски денови на македонската култура" посветени на македонските просветители Св. Кирил и Методиј беше „активиран" проектот „Ликовна мултилатерала".



Јерас-Димоска

Во Петокот на 27 Мај 2005, со почеток во 18 часот во културниот центар беше отворена изложба на академските сликари Наташа Милованчев од Скопје, Клементина Голија од Крањ и Ирена Јерас-Димоска од Крањ. По тој повод со неколку македонски песни ни се претстави мешаниот хор на МКД Македонија од Љубљана. На крајот на приредбата следеше „кулинарска вечер" каде што жените ни се претставија со своите готвачки способности од македонската кулинарика.

## Ликовна изложба на Лилјана Ергиќ

Во вторникот на 11.10.2005 во 18.00 часот, во МКЦ беше отворена ликовна изложба на македонската сликарка Лилјана Ергиќ, со апстрактни ликовни теми. Родена е во Скопје, Македонија, во 1950 година. Дипломирала архитектура и завршила постдипломски студии на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Од 1989 година е член на друштвото на македонските ликовни уметници.

Ликовните дела на сликарката Лилјана Ергиќ ни ги претстави ликовната критичарка Маруша Августин.

Програмата ја обогати вокално инструменталната група *Струне*, со својот концерт на македонски народни песни.



## Изложба на сликарката Драга Давиткова-Ериќ

Во МКЦ на 22.11.2005, со почеток во 19.00 часот беше отворена ликовна изложба (слики на свила) на сликарката Драга Давиткова – Ериќ. Таа е родена во Македонија, во 1957 година. Средно училиште за обликување (моделирање) завршува во Скопје. Сликарство студира на Академијата за ликовна уметност во Љубљана, каде што во 1979 дипломира кај професорот Јанез Берник. Ликовна специјализација посетува во истата установа во времето од 1979 до 1981 година.

Ликовната критичарка Маруша Августин со своето излагање ни помогна подобро да ги разбереме



ликовните пораки, насликани на свила.

Во продолжение на програмата, вокалната група *Пела* од Љубљана ни испеа неколку прекрасни стари македонски народни песни. Предводени од господинот Љубен Димкаровски изнудија громогласни аплаузи од публиката, докажувајќи по кој знае кој пат дека се достојни амбасадори на македонската народна песна во овој дел на Европа. Приредбата како и обично, беше завршена со кулинарска вечер со дружење.

## Ликовна изложба на Изидор Јаловец со културна програма

Во чест на словенечкиот празник на културата, на 07.02.2006 беше организирана ликовна изложба на словенечкиот сликар и график Изидор Јаловец, обогатена со културна програма.

На изложбата ни беа претставени најновите сликарски дела, изведени во акрилна техника, среден формат. Неговиот имагинарен сликарски простор е дел на неговото лично размислување, кое што плански го реализира на современ, компјутерско програмски начин.

Во продолжение на програмата следеше краток концерт на мешаниот хор „Билјана“ од Љубљана, кој што ни се претстави со неколку македонски и словенечки песни.



## Продажна ликовна изложба на Алојз Зорман-Фојж

Ликовната изложба на словенечкиот карикатурист, илустратор и автор на плакати Алојз Зорман - Фојж беше отворена во саботата на 04.03.2006 година во 17.00 часот во МКЦ во Крањ.

Ова беше прва изложба од продажбен карактер и можеби затоа најбогата и најразноврстна досега. Тој ни се претстави со цртежи, илустрации, поучни играчки, плакати, книги, кукли со сценска опрема за нивно настапување и уште многу други работи, меѓу кои секако најголем интерес побуди печката од дрво за една употреба. Сите работи што ни беа претставени, беа полни со хумор и сатира, при што авторот употребувал најразлични материјали: хартија, дрво, стакло, глина, камен и друго.

На изглед молчеливиот и срамежлив автор, во своите дела ни прикажуваше смешни и забавни случки, но и критичност до човековата глупавост и расипаност.

Неговите дела како да ги остваруvале две личности: детето Фојж, кое што преку игра го остварува својот свет од соништата и филозофот Фојж, на кој што во животот кој го посматра како возрасен, сè му се чини смешно.





Роден е во 1952 год. во Радовљица. Училиште за обликување завршил во Љубљана, а 1981 год. дипломирал на Академијата за фини уметности во Варшава. Магистрирал илустрации.

Во продолжение на програмата настапи фолклорната секција на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ. Културниот дел на вечерта го заклучи уметничката за ориенталски игри Ула Роблек. Следеше игранка со народна македонска музика.



## Изложба на ликовното друштво од Менгеш

Во Сабота, на 20.05.2006 година во Македонскиот Културен Центар во Крањ беше отворена изложба на ликовното друштво од Менгеш, кое што годинава ја прославува десет годишнината на своето постоење и успешна и плодна работа.



На изложбата беа изложени работи од илузионистичкото и традиционалното сликарство. Значајно за овие ликовни работи е илустративниот и декоративниот пристап, кој го објаснуваат со емоционалниот и амбициозниот ликовен говор, доследни на „малиот“ дводимензионален простор на сликарската површина.



Преку краток концерт ни се претстави ловечкиот пеачки хор „Симон Јенко“ од Медводе.



Дружењето продолжи со кулинарска вечера, подготвена од вредните раце на домаќинките.

## Православна новогодишна средба „Василица“ 2006

Годинава Православната Нова Година Македонците во Словенија, по прв пат ја дочекавме во новоотворениот Македонски Културен Центар во Крањ, во организација на МКД „Св. Кирил и Методиј “ од Крањ.

На дочекот кој што беше организиран на 14.01.2006 година беа присутни околу 320 посетители. За веселото расположение на присутните се погрижија нашите „стари“ познаници од инструменталниот состав „Цобе“ од Делчево, а подготовката на вечера и беше доверена на куварите од „Реина“ од Крањ.

Беше организирана и традиционалната новогодишна лотарија со богати награди.

## Прешерново оро



На 11.02.2006 во чест на празникот на културата на Р. Словенија, беше одржана средба на поети од Македонија и Словенија. На вечерта на поезијата ни се претставија Агата Тројар, Нежа Маурер, Томаж Штурм, Васил Тоциновски, Ранко Младеновски, Славица Штирн, Мира Велкаврх, Марија Крајник и Мајда Менцингер – Вујовиќ. Модератор на програмата беше Соња Цекова.

## Литерарна вечер со охридскиот книжевник Славе Банар

Во петокот, на 17.03.2006 гостин во Македонскиот Културен Центар „Св. Кирил и Методиј“ ни беше охридскиот писател Славе Банар. Тој ни се претстави со еден расказ и три песни на различни теми, на оригинален македонски јазик. „Глуварче“ се викаше песната која ни беше најинтересна. Своја критика за песната и за работата на охридскиот книжевник даде господинот проф. Драги Стефанија.

Во организација на МКД „Македонија“ од Љубљана, Славе Банар одржа литерарна вечер и во Друштвото на писатели на Р. Словенија.

## 14. Мајски денови на македонската култура, посветени на македонските просветители Свети Кирил и Методиј

Во сабота на 20.5.2006 во МКЦ „Св. Кирил и Методиј“ во Крањ со почеток во 16:00 часот се одржа *Квиз на знаење* на учениците кои следат дополнителна настава по македонски јазик и национална култура. Со оваа културна приредба беа отворени 14-тите Мајски денови на македонската култура, посветени на македонските просветители Св. Кирил и Методиј.

Учениците, кои вложија голем труд преку целата година, за натпреварот ги припремаше професорот г. Зекирија Шаиновски. Квизот го изработи господинот Игор Захариев. Сандра Симоновска и Ивица Боболински на забавен начин го реализираа квизот и ни се претставија како одлични водители.

Учениците и сите присутни ги поздрави г. др. Илија Димитриевски, претседател на МКД „Св. Кирил и Методиј“.

Натпреварувачките групи и резултатите на учениците беа следните:

1. место: Крањ – Дарко Николовски, Викторија Арсовска, Давор Мицев, Ања Карафатска

2. место: Крањ – Ангела Николовска, Нина Јанколиевиќ, Виктор Кочоски, Дарко Мицев

3. место: Нова Горица

После квизот гостите и учениците ги поздрави амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија, неговата екселенција г. Самоил Јосиф Филиповски. Тој им честита на учениците за прикажаното знаење во повеќе области и изрази честитки на професорот г. Зекирија Шаиновски и на Друштвото и неговата работа. Тоа беше прва средба на амбасадорот со Македонците од Крањ. Приредбата како и обично беше завршена со кулинарска вечер со дружење.



## Настап на хорот на ловечкото друштво „Симон Јенко“ од Медводе

Во составот на мајските денови во сабота на 20.5.2006 во МКЦ беше оддржан концерт на машкиот хор на ловечкото друштво „Симон Јенко“ од Медводе. Формиран е 1976 година и брои околу 25 членови. Во почетокот членовите на хорот биле ловци, но со текот на времето неговиот состав се изменил. Денес во хорот нема веќе ловци но на името му останале доследни.

Пеат ловечки, народни и патриотски словеначки песни како и песни на странски и домашни автори. Имаат издадени три аудио-видео касети и снимано три видеоспотови.

На нивниот концерт под водство на г. Јанез Чадеж во МКЦ ни се претставија со неколку словеначки народни песни и со македонската љубовна песна *Брала мома капини*. Г. Чадеж даваше исцрпни коментари за содржината на секоја песна пред да ја испеат.



Публиката беше многу задоволна од нивниот настап, кој беше прикажан со голема енергија за што беа наградени со громогласен аплауз. Сите бевме воодушевени. Долго ќе се сеќаваме на нивниот настап.

## Турнир во мал фудбал

На 21.5.2006 во Стражишче на ракометното игралиште во ОШ Стражишче се оддржа турнир во мал фудбал на културни и спортски друштва од Словенија. На турнирот кој има културно значење учество зедоа следниве екипи:

1. МКД Св. Кирил и Методиј од Крањ (организатор),
2. ЦКПШД Морача од Крањ,
3. МКД Илинден од Јесенице,
4. МКД Охридски бисери од Нова Горица,
5. МКД Македонија од Љубљана и
6. КД Брдо од Крањ

Екипите беа поделени во две групи, А и Б.

| **група** | **1. екипа** | **резултат** | **2. екипа** |
|---|---|---|---|
| А | ЦКПШД Морача | 2:2 | МКД Македонија |
| Б | МКД Св. Кирил и Методиј | 1:1 | МКД Охридски бисери |

| | | | |
|---|---|---|---|
| А | ЦКПШД Морача | 0:1 | КД Брдо |
| Б | МКД Илинден | 0:1 | МКД Охридски бисери |
| А | КД Брдо | 2:3 | МКД Македонија |
| Б | МКД Св. Кирил и Методиј | 1:1 | МКД Илинден |

Второпласираните екипи од секоја група одиграа натпревар за трето место.

| | | |
|---|---|---|
| МКД Св. Кирил и Методиј | 2:4 | КД Брдо |

Првопласираните екипи од секоја гурпа се натпреваруваа за прво место.

| | | |
|---|---|---|
| МКД Македонија | 2:3 | МКД Охридски бисери |



Првопласираната екипа - МКД Охридски бисери од Нова Горица



Второпласираната екипа - МКД Македонија од Љубљана



Во текот на турнирот беше реализиран натпревар за најдобар изведувач на пенали. Беа пријавени вкупно 33 изведувачи од публиката и фудбалерите што учествуваа на турнирот. Во финалето стигнаа Дринич и Вујица Михајловиќ (на сликата лево), кој што на крајот победи. Честитки!

За правда на игралиштето се погрижи судијата со лиценца г. Драги Јованов (на сликата десно), на кој му се заблагодаруваме за одлично извршената задача .



Турнирот помина во прекрасен сончев ден. За јадење и пијалок се погрижија членовите на управниот одбор на МКД „Св. Кирил и Методиј“.

За организацијата и изведбата на натпреварувачкиот дел на турнирот се погрижија секретарот на друштвото, Даниел Атанасов и водителот на спортската секција, Венцо Зашев.

## Предавање на доц. др. Намита Субијото на тема „Улица, шанк, постела“ во прозата на Исаковски и Чатер

Во понеделникот на 22.5.2006, во 20.00 часот, во Македонскиот Културен Центар во Крањ доц. др. Намита Субијото одржа предавање на тема „Улица, шанк, постела“, теми најзастапени во прозата на младиот македонски автор Игор Исаковски (1970) и две години од него постариот словенечки автор Душан Чатер. Ова урбанистичка тематика која се појавува во нивната проза на некој начин се поврзува со таканаречената битничка проза, слична со прозата на Чарлс Буковски.

Сoживени со предавањето кое беше многу интересно и живописно, патувајќи со јунаците на Чатер и Исаковски по улицата, до шанкот и постелата и не осетивме кога стигнавме до крајот на исцрпното предавање. На крајот предавањето премина во општа дискусија за животот и активностите на Македонците кои што живееме во Р. Словенија. Беше договорено со госпоѓата доц. др. Намита Субијото да ја продолжиме соработката и во нашите идни културни проекти.

## Ансамблот *Танец* во Крањ

Во вторник, на 23. мај 2006, во „*Прешерново гледалишче*“ настапи македонскиот анасамбл Танец.

Фолклористите, пејачите, музичарите и Сузана Спасовска прикажаа богат репертоар на македонски народни песни и ора. Гледачите беа воодушевени. Аплаузот што им го подарија на настапувачите беше огромен.

Танец постои од далечната 1948 год. Македонското фолклорно наследство го прикажуваат низ целиот свет. Поради нивните традиционални носии, кои ја прикажуваат убавината на македонското фолклорно наследство, Танец го нарекуваат патувачки жив музеј.

**Програма:**

1. Велигденско оро

2. Невестинско оро

Тоа оро е спротивно на машкото оро „Тешкото“ . Кај него јасно се прикажани достоинството, гордоста и убавината на македонска невеста.

3. Осоговка

Сплетот Осоговка прикажува повеке машки игри од Источна Македонија, надигрување и натпреварување помеѓу повеќе машки групи.

4. Венец од народни песни во изведба на



Сузана Спасовска и ансамблот Танец.

5. Водарки

Го прикажува секојдневниот социјален живот на девојките, односно одењето по вода. Сплетот содржи повеќе различни игри и елементи од повеќе региони од Македонија. Носијата е од Полог, а ората се од Источна Македонија.

6. Копачка

Изворно машко оро, составено од четири основни целини: Шетаница, Ситно, Префрлачка и Копачка. Орото е брзо и темпераментно и ја прикажува обработката на земјата, копањето и орањето.

7. Венец од народни песни во изведба на Сузана Спасовска и ансамблот Танец.



8. Калјаџиско

Ја прикажува работата на калајџиите преку весела и динамична игра. Сплетот е значителен за Велес и околината.

9. Венец од народни песни во изведба на Сузана Спасовска и ансамблот Танец

10. Драчевка

Прикажува типични песни и ора „на сред село“ од околината на Скопје.

Сузана Спасовска, голема дама и пејачка со големо име во македонската народна песна ги одушеви сите гледачи. Со прекрасниот глас испеа убави македонски народни песни.

Настапувачите прикажаа голема способност и професионален однос до својата работа. Нивниот квалитет е на највисоко ниво. Играа од сѐ срце.

Меѓу гледачите се слушаше дека концертот е назаборавен. Кој не дојде, пропушти прекрасна претстава.

## Шах

Среда, 24.05.2006 во Македонскиот Културен Центар во Крањ беше реализиран 14-тиот брзопотезен шаховски турнир, со почеток во 17.00 часот. За организацијата се погрижи господинот Станко Атанасов.



## Фолклорна вечер со игранка

Во сабота на 27.5.2006 со почеток во 19.00 часот во МКЦ во Крањ беше организиран концерт на македонските фолклорни групи од Словенија со завршна игранка. Настапија играорните групи: МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, МКД „Билјана“ од Марибор и МКД „Илинден“ од Јесенице.

Со неколку прекрасни песни ни се претстави хорот на МКД „Македонија“ од Љубљана.


МКД „Илинден“ од Јесенице

## Македонска крвава свадба

Во неделата на 28.05.2006 во Прешерновиот театар во Крањ драмската аматерска група „ТЕАТАР 57“ од Скопје, ни се претстави со модернизираната верзија на драмата Македонска крвава свадба, од Војдан Чернодрински.

Режисер: Русе Арсов

Глумци: Иван Ристовски, Марко Крстевски, Златко Симјановски, Кристина Леловац, Анета Јанчевска, Драган Милосавлјевиќ, Кирил Мечалов, Тамара Томовска и Александар Маринковиќ.

Во допишувањето со режисерот г. Русе Арсов, ги дознавме нивните впечатоци од Крањ:

„Најнапред не знам по кој пат да изкажеме голема благодарност за успешно реализираната средба и нашето гостување кое ни го овозможивте со безрезервно жртвување од ваша страна.

Во врска со нашиот престој таму можеме само да кажеме дека со денови потоа не стивнуваа импресиите за трудот кој го имате вложено за заживување на релацијата Македонија и нејзината дијаспора. Целта да не се изгубат контактите со матичната земја е една од најплеменитите што воопшто постојат. Мислата на Македонецот дека постои во било кој дел од земјината топка преточена преку играорни друштва и хорови е за сите почести. Тоа го видовме во „македонската“ Словенија и најважно од сѐ, тоа го почувствувавме.

Во врска со претставата, тоа е претстава во која е вложен труд од десетина луѓе кои по вокација не се глумци, а за оние што имаа можност да ја видат претставата повеќе од јасно е дека тој труд е вложен со љубов. Аплаузите после и за време на претставата говорат за меѓусебната интеракција меѓу публиката и сцената, без разлика дали е тоа резултат на естетско или национално чуство, а токму аплаузот е квалитативен репер за секој член на групата.

Непознавањето на оригиналната драма од Чернодрински е хендикеп во дадени ситуации, но според нас тоа не беше случај во Словенија".

Навистина, тоа не беше случај со постарите, кои што ја имаа гледано или прочитано оригиналната верзија на драмата, но ние помладите ги „затрупувавме" со прашања по претставата и дури тогаш можевме да „повлечеме" линија.

*Театар 57* постои 6 години и брои 15-тина членови,. Некои од нив по скромните почетоци во аматеризмот започнаа и со професионални студии од областа на театарот. До сега зад себе имаат направено 3 самостојни претстави, на двапати имаат учествувано во професионални проекти и уште многу други workshop-ови и предавања. Учествувале на меѓународни театарски фестивали во Германија, Франција и Босна, а во Македонија на најпрестижните: Охридско лето, МОТ и Драмскиот аматерски фестивал во Кочани, кој е од национален карактер, а воедно се и добитници на многу награди и признанија.

## Завршна вечер на 14. Мајски денови на македонската култура, посветени на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј

Во петокот, на 2.6.2006 беше организирана игранка на која што не забавуваше музичката група *Џобе* од Делчево. Нашите драги долгогодишни пријатели, членовите на ансамблот *Џобе* ни изкажаа голема чест и поддршка со своето присуство, бидејќи планираната музичка група од Кочани поради неуредени визуми не можеше да дојде во Словенија. Веста дека ќе одржат концерт во МКЦ Крањ многу брзо се разшири кај сите Македонци, љубители на македонската музика. МКЦ беше премалечок да ги прими сите посетители. Музикантите направија добра атмосфера и го оправдаа очекувањето на многубројните посетители.



## Жив чоек

Во петокот на 23 Јуни 2006 во 20.00 часот во Македонскиот Културен Центар во Крањ, студентите од студискиот програм по хрватски, српски и македонски јазик со книжевност, на Филозофскиот факултет во Љубљана го реализираа драмскиот текст „ЖИВ ЧОЕК“ од Горан Стефановски, на македонски јазик.

Во оваа драма станува збор за судирите меѓу два различни света (исток и запад), две култури и традиции и за менувањето на моралните вредности, чии сведоци сме и ден денес.

Шест англиски туристи, типични претставници на денешното потрошувачко општество заминуваат на одмор во сончевата Шпанија. Таму доживуваат непријатно изненадување, бидејки нивната туристичка агенција банкротира. Наместо во луксузен хотел ги сместуваат во еден зафрлен планински хотел каде што се единствени гости. Ги пречекува некоја необична жена која што за забава им рецитира некои чудни византиски љубовни песни и наздравува на нивната смрт...

Тоа е Анастазија, „црниот ангел на судбината“, поранешна службеничка во Дирекцијата за духовна смрт, која што го осудува нискиот морал на денешните луѓе и нивниот безобразен однос до смртта. Таа најавува дека ќе ги уништи новодојдените гости.



Во хотелот пристигнуваат гостите: лакомиот Раи, берзански претставник, развратната Хелен, конзумерка на сите можни дроги, Ким, заљубена во своето тело, мрзеливата Џо, мајка самохранителка, опседната со ТВ квизови и лимонади, Вики, шопохоличарка и Кен, ксенофоб. Преплашени заклучуваат дека нивниот одмор најверојатно ќе им биде непријатен.

Анастазија ги послужува гостите со коктел и наздравува за нивната смрт.

Никој не ја сваќа сериозно. Кај гостите се обидува да направи впечаток со рецитирање на стари византиски љубовни песни, но без успех. Никој од нив никогаш не слушнал за Византија. Налутена Анастазија во монологот ја оплакува својата несреќна судбина и својата несреќна кариера.

Гостите од хотелот ги претставуваат своите рецепти за живеење кога Анастазија ги прекинува викајќи „тела има повеќе отколку души“ и затоа една душа се грижи за повеќе тела, но никој не ја зема сериозно сè додека не ги предупреди: Погледнете полна месечина!

Следат епизоди на „мала смрт“: компјутерот на Раи му експлодира во лице, Ким за малку ќе се задуши со таблета, Вики за малку ќе се удави во базенот, Џо ќе добие сончаница, тетоважата на Хелен започнува да крвари, Кен го каснува оса од лименката со пиво. На сите им е јасно кој стои зад сето ова.

Анастазија ја приведуваат и ја сослушуваат. Таа им кажува дека во времето на Византиското царство била заљубена во цртачот на икони Андреј, кој што требало да го убие како службеничка во Дирекцијата за духовна смрт. Бидејки не можела да го стори тоа, малку недостасувало да ја отпуштат од работа. Со текот на времето Дирекцијата за духовна смрт станала непотребна поради паѓањето на моралните вредности, а со тоа и Анастазија како технолошки вишок. Кога би ги убила луѓето од хотелот, би имала обезбедено работно место во Дирекцијата за индустриска смрт. Таа работа не можела да ја направи, затоа била казнета со најстрогата казна, да живее.

Додека гостите од хотелот се забавуваат, Анастазија облечена во стара византиска невестинска облека ги оплакува златните времиња. Гостите се разнежнуваат, но не и веруваат на нејзината историја. Убедени се дека облеката ја украла од музеј. Ја затрупуваат со совети за здрав и успешен живот. На крајот ја истеруват од хотелот, бидејќи местото не и е меѓу нив...

Улогите ги толкуваа: Анастазија – Андреја Мулец, Раи – Тимотеј Сенчар, Хелен – Маја Мандоска, Ким – Јелена Миљковиќ, Џо – Петра Јуриќ, Вики – Сара Немц, Кен – Грегор Коваќиќ.

За добро одиграната претстава беа наградени со



аплауз, а господинот др. Илија Димитриевски им подари цвеќе, заблагодарувајќи им се за нивниот настап, кој воедно беше отварање на „ЕТНО ФОЛК“ проектот, кој следеше наредните два дена.

# Етно фолк Крањ 2006

Традиционалната средба на фолклористите во Р. Словенија, позната како ЕТНО ФОЛК, во организација на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, годинава за прв пат беше организирана во Македонскиот Културен Центар, Савска 34, Крањ, на 24 и 25 Јуни, 2006 година.

Како и претходните години, поради големиот број на пријавени фолклорни групи, проектот ЕТНО ФОЛК беше реализиран во два дена. Учество на оваа најголема манифестација од ваков вид во Словенија, зедоа фолклорни групи од сите народи на поранешна Југославија, кои што живеат и работат во Р. Словенија, со исклучок на гостите од Пула. На годинашните осми по ред средби, учество зедоа следните фолклорни групи: МКД „Св. Кирил и Методиј“, кои што како домаќини имаа чест да настапат први, КД „Брдо“ Крањ, КШДБ „Бисер“ Јесенице, ХК „Комушина“ Шкофја Лока, ФД „Зелени Јуриј“ Чрномељ, КУД „Видовдан“ Љубљана, ДПИГ „Извор“ Крањ, СКД „Младост“ Љубљана, СКД „Слога“ Нова Горица, МКД „Кочо Рацин“ Пула, ФС Друштва упокојенцев „Накло“ од Накло, СКД „Сава“ Храстник и СКШД „Вук Караџиќ“ Радовљица.



Првиот ден, после настапите на фолклористите, беше организирана игранка со народна музика. Свиреа Илиевски Оливер и Димитриј. Вториот ден, после настапите, младите си организираа диско музика и се забавуваа до доцна во ноќта.

## Фолклорна секција на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ



Македонската фолклорна секција почнува со работа наскоро по формирањето на МКД „Св. Кирил и Методиј“, во втората половина на 1992 година. Првата генерација, во која беа постари фолклористи имаше истовремено за цел, да го пробуди интерестот кај младите за македонскиот фолклор. Тие многу добро ја извршија својата задача. Младите масовно се вклучуваа во фолклорната секција со што постарите си заминуваа, задоволни што имаат добри наследници за негување на македонската фолклорна традиција.

Во своето долгогодишно постоење играорната група развива плодна соработка и размена на искуства и средби со повеќе фолклорни секции и културни друштва од Македонија, Словенија, Хрватска и Германија. Може да се пофали со бројни настапи во овие земји. Располагаат со богат репертоар на игри и сплетови: Жетварка, Источна Македонија, Повардарие, Копачи, Комитско, Седенка, Пирин, Егејска Македонија, Драчевка, Ѓурѓовден, Битола, Калајџиско, Невестинско и Ратевка – Беровка. Во составот на фолклорната секција несебично работи музичката група, која ја сочинуваат Блага Крстева и Оливер и Димитриј Илиевски.



Фолклорната секција е многу активна. Годишно реализира околу 25 настапи низ Словенија и надвор од неа. Најголеми настапи меѓу нив се: „Обмочно прегледно сречање фолклорних скупин“ и „Етнофолк“, кој оваа година по осми пат го организира МКД Св. Кирил и Методиј во МКЦ во Крањ.

Од минатата година е формирана и пионерска група на фолклорната секција. Нивната старост е од 5 до 12 години. Изнудуваат големи аплаузи кај публиката и се голема надеж како нова генерација на фолклорната секција.

## Турнеја низ Македонија

Во понеделник, на 28.7.2006 тргнавме од Кочани за Вевчани. После сместувањето кај драгите пријатели, се собравме и отидовме на забава „кај Мујо“. Се забавувавме до рани зори.




Следниот ден, вторник имавме обврски. Како прво, имавме проба, а потоа се подготвивме за настап. Бидејќи времето беше променливо, не бевме сигурни каде ќе се одржи фестивалот. Надвор во амфитеатарот или во сала? За среќа, времето издржа и фолклорниот настап беше одржан според планот, надвор. Настапија повеќе групи од домашната фолклорна секција. Ние бевме гости на фестивалот. Се собра целата Вевчанска „држава“ за да го гледа фестивалот. Амбиентот беше позитивен. Се слушаа големи аплаудирања после секој настап.

Среда – отидовме на новата плажа во Струга. Шетање, пливање, истражување. Сето тоа беше на нашиот репертоар. Вечерта се забавувавме на игралиштето каде што имаше техно забава. Ди Џеј од Скопје имаше обврска да не расположи. Тоа многу добро му успеа.

Четврток – отидовме на плажа во Охрид. Се растрчавме низ тезгите и си купувавме сувенири. Во Охридското езеро се бањавме. Напладне отидовме во стариот дел на Охрид. Ги посетивме сите атрактивности: амфитеатарот, црквата Св. Климент Охридски, Самоиловите кули, печатницата... Охрид е навистиа македонски бисер. Убавина на секој чекор. Мене најмногу ми се допаднаа мозаикот во крстилницата и амфитеатарот.

Таа беше последната вечер од нашето дружење. После забавата „кај Мујо“ отидовме на изворите. Стефче и Косте ги донесоа нивните инструменти и во шумата свиреа на тапан и зурла. Свирење, играње и пеење песни од страна на млади, мене лично ме одушеви. Тоа чувство беше неверојатно. Се додека не осамна не можевме и



не сакавме да си одиме дома, оти знаевме дека рано наутро си одиме. Да, ни се останувaше.

Вевчани е „држава“ во Западна Македонија и е оддалечено 12 км од Струга. Вевчани е населено во ридот и сите улици се поплочени со коцка. Карневалот што го одржуват во јануари е голема атрактивност за туристи од целиот свет. На карневалот главни улоги имат двајца машки, преоблечени, еден во невеста а друг во младоженец. Ја прикажуваат нивната свадба. Истотака, глупавиот Август има многу важна улога на карневалот. Глуп, оти календарот се сменил и август се погодил во зима, што било невообичаено.

Секој од нас ја посети и продавничката со сувенири каде што можевме да си купиме личници – тоа се вевчански пари и што е уште поинтересно, си купивме и вевчански пасош и станавме државјани на Вевчани. Луѓето таму навистина се посебен народ. Сите до еден се големи патриоти. Ја сакаат Македонија и се што е македонско. Многу се сложни и многу гостопримливи.




Петок – со тешко срце тргнавме од Вевчани за Делчево. Таму вечерта одржвме концерт. Групата *Џобе*, нашите добри пријатели, ни го организираа. Малку бевме разочарани оти многу мал број на гледачи се собра на плоштадот. Очекувавме барем нашите другарчиња, кај кои бевме пред неколку години, да дојдат да не гледат. Тие изгледа не заборавиле или си имале свои обврски. Малку од нив дојдоа да го гледаат нашиот настап.

Сабота – настап во Оризари во поранешната кино сала. Концертот беше незаборавен. Сите до еден имавме огромна трема. Многу од нас имаме роднини во тоа село и сакавме да се покажеме пред нашите баби, дедовци, тетки и стрини..., ама тоа не ни успеа.

Или сепак? Правевме многу грешки. Бевме многу неконцентрирани. Сигурна сум дека тој концерт нема да го заборават. А ние уште помалку.

Тој концерт беше последен во нашата турнеја.

Три збора за нашата турнеја: интересна, незаборавна и неповторлива.



## Богородичен пикник 2006

Поради прогнозирањето на неповолно време, но и поради зафатеноста на пикник плацевите во близината на Крањ, управниот одбор на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ се одлучи годинашниот пикник по повод верскиот празник Св. Богородица да го организира во Македонскиот Културен Центар „Св. Кирил и Методиј“ во Крањ.

Пикникот беше организиран на 27.08.2006 и беа присутни околу 300 гости. За весело расположение се грижеа Илиевски Димитриј и Оливер, а да нема гладни и жедни се потрудија екипите задолжени за печење и служење на пијалок. Не изостана и традиционалната лотарија на која што имаше богати награди, меѓу кои најинтересен беше „скутерот“ кој што „отпатува“ за Германија.




## Драмска секција



Претстава *Пеперуткиниот втор роденден* - Нова Горица

Учениците посетители на дополнителната настава по македонски јазик, членови на драмската секција одлучивме да подготвиме една игра. Секцијата ја водеше Весна Кржовска.


Дарко Мицев


Давор Мицев


Весна Кржовска


Дарко Николовски


Ангела Николовска


Виктор Кочоски

Се собравме во Македонскиот Културен Центар, каде што вежбавме. Најпрвин си ги разделивме улогите.

Од дома донесовме материјали, боици, ножици и сами си ги направивме костимите. Работата ни беше многу интересна, уживавме се забавувавме и си помагавме меѓусебе. Претставата ја вежбавме за време на дополнителната настава по македонски јазик.

Претставата за прв пат јавно ја покажавме во Нова Горица, по повод поделувањето на ученичките книшки, на учениците што ја посетувале дополнителната настава по македонски јазик.

Се собравме пред спортската сала на *Планина* и тргнавме за Нова Горица. Во автобусот ја вежбавме играта и цело време слушавме музика. Стигнавме во училиштето каде што се облековме во костимите и почекавме да дојдеме на ред. Пред настапот имав трема оти прва настапив на бината. Претставата се викаше *Пеперуткиниот втори роденден*. Јас бев пеперутка, Ана - жаба, Виктор - стршлен, Јелена – скакулец, Нина – бубамара, Ања – пчела, Дарко – плашило, Давор - штурче, Александар – зајче и Дарко – пајак. Некои од „глумците“ испуштаа зборови но сепак, добро се снајдовме да не примети публиката. За добрата претстава бевме наградени со аплауз. По нашиот настап ги гледавме другите деца, кои настапија после нас. Програмата заврши и отидовме да јадеме, а потоа ги посетивме *Горишка брда* каде што си купивме цреши. Прошетавме уште малку и тргнавме кон Крањ. Во автобусот си правев муабет со другарките. Убаво си поминав. Се надевам дека во иднина ќе настапиме уште во некој друг убав и интересен град.

Ангела Николовска, 11 години


Ана Стаменковска


Александар Кочоски


Ања Карафатска


Јелена Мицева

## ПАЛИНДРОМ

## Е, ЛЕЛЕ, СЕ ВЕСЕЛЕЛЕ

## КРСТОЗБОР

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | | 5 | 6 | 7 | | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | | | | | 13 | | | | 14 | | | | |
| 15 | | | | 16 | | | | | | 17 | | | |
| 18 | | | | | | | | | | | | | |
| 19 | | 20 | | | | 21 | | 22 | | | | 23 | |
| | 24 | | | | | | 25 | | | | | | 26 |
| 27 | | | | | 28 | | | | | 29 | | | |
| 30 | | | | 31 | | | | | 32 | | | | |
| 33 | | | | | | 34 | | | | | | | |
| 35 | | | | | | | 36 | | | | | | |
| 37 | | | | | | | | 38 | | | | | |
| 39 | | | 40 | | | | | | | | 41 | | |
| 42 | | 43 | | | | | | | | | | 44 | |
| | 45 | | | | | | | | | | | | 46 |
| 47 | | | | | | | 48 | | | | | | |
| 49 | | | | | 50 | | | | 51 | | | | |
| 52 | | | | | | 53 | | 54 | | | | | |
| 55 | | | | 56 | | | | | | 57 | | | |
| 58 | | | | | | | 59 | | | | | | |

**ХОРИЗОНТАЛНО** **12**.КОМПОТ **13**.АВТОТУРИНГ КЛУБ **14**.ДОЗВОЛА ЗА ТУЃА ЗЕМЈА **15**.РОНАЛД (НАГ.) **16**.АМЕРИКАНСКА АКТЕРКА, ЛИНДА **17**.ВОДНА ПТИЦА **18**.ПРАШАЛЕН **19**.ЗАМБИЈА **20**.ЕЗЕРО ВО ФИНСКА **21**.АМПЕР **22**.„РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЕСПАЊА“ **23**.ЕЛЕКТРОН **24**.МИЛАНСКА ОПЕРСКА КУЌА **25**.ГЛАВЕН ГРАД НА БЕЛОРУСИЈА **27**.МУЗЕЈ ВО ФРАНЦИЈА **28**.ВИД ТКАЕНИНА **29**.БИЛИЈАРДСКИ СТАП **30**.КОЊСКИ ПОКРИВКИ **31**.ГОЛЕМО НАСЕЛЕНО МЕСТО **32**.СИТНА МОРСКА РИБА **33**.МАЈКА (ЛАТ.) **34**.ЕЗЕРО ВО УНГАРИЈА **35**.ИЗМАМНИК **36**.ПОЕТСКА СТИЛСКА ФИГУРА **37**.ПРЕДОК, ПРАРОДИТЕЛ **38**.ТРОЈАНСКИ ЈУНАК **39**.ПОТВРДЕН ЗБОР **40**.ВИД ПАТ **41**.НИКОЛА ТЕСЛА **42**.АМПЕР **43**.СРЕДОЗЕМЈЕ **44**.АВСТРИЈА **45**.ПРОМЕНЛИВ **47**.ХРВАТСКА КОШАРКАРКА, НАКИЌ **48**.ПЕЧАТАРСКИ БУКВИ **49**.БИРО **50**.ШКОТСКА ИГРА **51**.ПРИМОРСКА ЛИСТОПАДНА ГРМУШКА **52**.ХРВАТСКА КОШАРКАРКА, ДАНИРА **53**.ЗНАК ЗА БОР **54**.ПРОПИС ОД ВЛАСТА **55**.НАШ КАРИКАТУРИСТ, ВАСИЛЕВСКИ **56**.ХОЛИВУДСКИ АКТЕР, АСАНТЕ **57**.ЈАПОНСКИ ВОЈСКОВОДЕЦ, ХИРОБУМИ **58**.АМЕРИКАНСКА ШОУМЕНКА, ОПРА **59**.ВИД ЦВЕТНО РАСТЕНИЕ

**ВЕРТИКАЛНО** **1**.ВИД ЖИТАРИЦА **2**.НБА КОШАРКАР, КЕМП **3**.СТАР ПРЕДМЕТ **4**.ЗНАК ЗА ВАНАДИУМ **5**.ВЕЛОСИПЕДИСТ ОД ЕСТОНИЈА, ПИКУС **6**.ЖАЛ **7**.БОЈА ЗА КОСА **8**.ТРЕТАТА БУКВА ОД АЗБУКАТА **9**.ПРЕТПРИЕМАЧ **10**.АВСТРИСКА СКИЈАЧКА, ХАС **11**.ФИНСКИ ПОЛИТИЧАР, САРИНЕН **13**.БАЛЕТАНОТ РУДОЛФ **14**.ЦРТАН РОМАН **16**.ДРЖАВНА БЛАГАЈНА **17**.„И ТАКА НАТАМУ“ **20**.СУШИЛНИЦА **21**.АНГЛИСКА МЕРКА ЗА ПОВРШИНА **22**.ОДЛИЧЈЕ **23**.ЖОЛТО ЦРВЕНА РАСТИТЕЛНА БОЈА **24**.ВИД ТАНЦ **25**.БОЖЈИ СЛУГА **26**.ВИД ИГРА СО КАРТИ **28**.БОМБАШ **29**.ИТАЛИЈАНСКИ ВОЈСКОВОДЕЦ, ЕРАЗМО **31**.ПЕРИОДИЧНИ СПИСАНИЈА **32**.ВИД ВУЛКАНСКА КАРПА **34**.ПРОИЗВОДИТЕЛ НА РАКИЈА **36**.ГРАД ВО ЧЕШКА **38**.МАЛОУМНИК, ИДИОТ **40**.МОДЕН ДЕМОНСТРАТОР **41**.ЕКС РУСКА ГИМНАСТИЧАРКА **43**.ТРОПСКИ ГУШТЕРИ **44**.ЖИТЕЛИ ПО ТЕЧЕНИЕТО НА НИЛ **45**.ГОЛЕМА ЕВРОПСКА РЕКА **46**.ЦРКОВЕН ЗАКОН **48**.АМЕРИКАНСКА КОРПОРАЦИЈА ЗА СОФТВЕР **50**.ДОБИВКА, ПЕЧАЛБА **51**.РЕКА ВО РУСИЈА **53**.РЕНЕ ИГИТА **54**.АЦО ЈОВАНОВСКИ **56**.ФРАНЦИЈА **57**.ЗНАК ЗА СУЛФУР

**МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**КРАЊ, СЛОВЕНИЈА**

**Адреса:**
Савска цеста бр.34
4000, Крањ
Словенија

**Телефони:**
+386 (0)4 2369 588
+386 (0)4 2369 589
**E-mail:**
mkd-kim@email.si

Македонското културно друштво „Св.Кирил и Методиј“ е формирано 1992 година во Крањ. Од пред неколку години работи и Македонскиот Културен Центар во Крањ. Канцелариите на МКД „Св. Кирил и Методиј“ и Македонскиот Културен Центар се наоѓаат во дел од просториите на поранешен *Интекс* во Крањ.




Projekt “Informacijski center - Naše sonce” je sofinanciralo Ministrstvo za kulturo Republike Slovenije

## Спонзори

Sava
MERKUR Ustvarjamo zadovoljstvo
ALKALOID SKOPJE
ISKRATEL
ekspert avtošola www.avtosolaekspert.si